# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА АКТИВО ЗА 2018 ГОДИНА

По успешната реализација на два партнерски проекти во 2017 година со Извидничкиот Одред „Димитар Влахов„ во 2018 година Центарот на активни граѓани АКТИВО самостојно доби поддршка за реализација на два нови проекти.

Првиот **„Едуцирани и информирани граѓани предуслов за транспарентни институции“** имаше за цел да ја зголеми информираноста на граѓаните за управување со јавни пари. За да се исполни оваа цел во рамки на проектот беа остварени следните четири резултати.

- ✓ Креирана база со податоци за извршувањето на буџетот за 9-те општини од Вардарски плански регион;
- ✓ Изработена веб страница на проектот каде ќе бидат достапни сите информации за следење на извршувањето на буџетите;
- ✓ Изготвени анализи во кои се претставени клучните наоди од спроведените истражувачки монторинг активности;
- ✓ Подобрена информираноста кај граѓаните од 9-те општини за состојбата со извршување на буџетот во локалните самоуправи.

Проектот „Едуцирани и информирани граѓани предуслов за транспарентни институции“ траеше од 01.07.2018 година до 01.04.2019 година. Проектот беше регрант на проект на Фондација Отворено општество и Евротинк Македонија, а финансиски поддржан од Европска унија во висина од 7900 евра.

Вториот проектт кој АКТИВО го доби оваа година беше **„Вклучување на жените од рурални средини во креирање на локални политики“.** Проектот има за цел да ги едуцира, информира и вклучи во креирањето на локланите политики руралните жени кои припаѓаат на општините Велес, Градско, Чашка и Росоман.

Проектот е регрант на Квина тилл Квина и Организација на жени од Свети Николе. Трае од 01.10.2018 до 31.12.2019 година и е поддржан е од Европска Унија со 14.992,00 евра.

ЗДРУЖЕНИЕ НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.Андон Шурков бр.6-1/10, 1400 Велес, МАКЕДОНИЈА
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје